22768

ИЗЛОЖБИ

# СПОНТАНОСТ И ЕДНОСТАВНОСТ

**(ЗА ИЗЛОЖБАТА НА ЛЕПА ХАЏИ ДИМОВА ВО ДОМОТ НА ЈНА И ИЗЛОЖБАТА НА ОЛГА СПИРКОСКА ВО ГАЛЕРИЈАТА ПРИ ДОМОТ НА КУЛТУРАТА „КОЧО РАЦИН" ВО СКОПЈЕ)**

ЛЕПА ХАЏИ ДИМОВА со своите слики на последните изложби на ДЛУМ го привлече нашето внимание, особено со еден спонтан и едноставен начин а изразување, што е доминантен белег и на оваа нејзина последна самостојна изложба. Нејзини сакани теми се пејсажите, мртвата природа и животинскиот свет. Посебно се интересни нејзините пејсажи што ги третира на својствен начин, давајќе им силен експресионистички печат, што ретко се сретнува кај жените слекари.

**Во својата сликарска постапка Лепа Хаџи Димова е дури и смела: употребува сурови бои, пред сè црвени тонови, кои немаат цел да ја опишуваат природата, туку да го изразат нејзиниот специфичен начин на гледање, нејзиниот страсен однос спрема појавите во природата и спрема предметите што го привлекуваат нејзиното сликарско интересирање.**

Во последно време сè повеќе му посветува внимание на цртежот, како во самата композиција (што се забележува особено во мртвите природи со јаболки и друго овошје), така и во посебните, самостојни цртежи (коњи, пци и човечки фигури). При цртежите нејзината постапка е помека и потопла, се стреми кон поблаг и посуштилен израз, што го постигнува првенствено со едноставната линија и со неприсиленото сенчење на некои површини.

**Олга Спиркоска** излага ситна пластика, скулптура во мали димензии — теракоти. Во нив исто така основен белег е спонтаноста и едноставниот израз. Некои од овие пластики се толку интересно замислени и успешно изведени, што е голема штета дека се само минијатури, а не творби од малку поголем формат.

Нејзината тематска преокупација е секојдневието: **мајки со дете, тутунари, осаменици, работници, кловнови, божјаци, манекени итн. Особено го привлекуваат нашето внимание фигурите на божјаците, кои се предадени во нивните типични ставови и гестови.** И покрај извесни помали забелешки што можат да им се постават на овие фигури, како, на пример, во поглед на статиката и на анатомските прецизности, тие претендираат кон една тематска зона што е одамна неначната во нашата современа пластика, а тоа се **социјалните мотиви,** што толку величествено ги третираше во сликарската дисциплина **Никола Мартиновски.** Всушност, Спиркоска е најмногу инспирирана од таквата мотивска преокупација на нашиот сликарски доајен.

**Паскал ГИЛЕВСКИ**